О Д Л У К А

I

На Снежана Ристевска родена на 13.11.1950 година, избрана на 20.07.2009 година за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, без ограничување на траење на мандатот со Одлука СОИ бр. 9/09 на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, и се утврди престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на условите за старосна пензија.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос и престанува заклучно со 31.12.2015 година.

СОР. бр. 7/15
16 ноември 2015 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
Петар Аневски, с.р.

5711.

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Македонија врз основа на член 14 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/07), распиша

О Г Л А С
ЗА ИЗБОР НА

I

1. Член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија од редот на јавните обвинители од подрачјето на Јавното обвинителство на Република Македонија.

2. Член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип.

Согласно член 16 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија на огласот може да се пријави секој јавен обвинител кој во моментот на објавувањето на огласот врши функција на јавен обвинител и кој има најмалку осум години стаж како јавен обвинител и во последните две години да не му е изречена дисциплинска мерка.

Согласно член 17 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија кандидатите својата кандидатура ја поднесуваат писмено до Советот и доставуваат:

- Потврда за стаж како јавен обвинител
- Потврда дека во последните две години не му е изречена дисциплинска мерка.
- Биографски податоци за стручниот и професионалниот развој.
- Податоци за учество во стручна и професионална едукација, издадена од Академијата за обука на судии и јавни обвинители.
- Изјава за која листа се пријавува

Гласањето ќе се одржи на 23.12.2015 година.

Кандидатите кои ќе се пријават на огласот пријавите да ги достават до Советот на јавните обвинители на Република Македонија на ул. „Кеј Димитар Влахов” бр. 4 кат 5 во рок од 15 од објавата на огласот во „Службен весник на РМ”.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

Приемот на документи ќе се врши секој работен ден од 08:30-15:00 часот.

Бр. 08-192/1
16 ноември 2015 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
Петар Аневски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

5712.

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

1. Стапката на трошоците на живот за месец октомври 2015 година, во однос на месец септември 2015 година, изнесува 100.

2. Исплатата на платите за месец октомври 2015 година, во однос на месец септември 2015 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
Диме Спасов, с.р.